HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAKEDONISË
MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ
COMITET DI HELSINKI TI- NDREPTULI-A OMLUIDIREPUBLICA MACHEDONIA
HELSINŠKO COMITEȚI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ

Наум Наумовски Борче 83; 1000 Скопје, Р. Македонија; тел/факс: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469
Naum Naumovski Borche 83; 1000 Skopje; R. Macedonia; tel/fax: + 389 2 311 9073; +389 2 329 0469

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МАРТ 2015

СОДРЖИНА

ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ
- Средношколски и наставнички пленум
- Граѓанска иницијатива „Го сакам ГТЦ“

СУДСКИ СЛУЧАИ
- Случај “Музеј на Македонија„
- Случај  Трикратно убиство во Кавадарци

ЛУСТРАЦИЈА
- Случај Јадранка Костова

ГОВОР НА ОМРАЗА
- Говор на омраза

МАРТ 2015

# ЈАВНИ НАСТАНИ И ПОВРЕДИ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРИНЦИПИ

## СРЕДНОШКОЛСКИ И НАСТАВНИЧКИ ПЛЕНУМ

Хелсиншкиот комитет ги следи активностите на средношколскиот и наставничкиот пленум во врска со барањата за прекин и повлекување на т.н. реформи во средното образование. Во месец март започнаа најавите за протести на средношколски пленуми во повеќе градови со барање да бидат сослушани нивните аргументи за прекин на екстерното тестирање и враќање на претходниот систем на спроведување државна матура од страна на Министерството за образование и наука. Меѓутоа уште за време на најавите за протестите до Комитетот се обратија средношколци од повеќе градови кои посочија дека се изложени на притисоци и закани за прекин на активностите. Исто така, притисоците и заканите кои беа упатени укажуваат на позната практика и форми кои одредени интересни групи ги употребуваат за задушување на неформалните граѓански движења во изминатите неколку години.

Средношколците не беа поштедени од агресивна негативна кампања[1] која беше водена од засега непознати сторители кои дистрибуираа вознемирувачка содржина преку постери и летоци во градовите каде што средношколците демонстрираа поголем отпор. Најголеми притисоци беа забележани во Скопје, Битола, Велес и Ресен. Комитетот изрази загрижување за дистрибуираните материјали поради тоа што летоците и постерите содржеа наводи кои имаа за цел да идентификува наводни организатори прикажани како корумпирани и партизирани млади со цел да го делигимизира целото движење. Исто така по неуспехот на негативната кампања, притисоците беа засилени во форма на директни закани, затворање на младите во училиштата, наводи за поткуп и непристојни предлози упатени кон дел од родителите од страна на владејачката партија.[2]

Комитетот потсетува дека дека Уставот на Република Македонија ја гарантира слободата на здружување, изразување како и правото на одржување на јавни собири. Исто така, Уставот гарантира заштита кога се повредени достоинството и угледот на граѓанинот. Земајќи го предвид фактот дека во конкретниот случај се повредени правата на лица кои се'уште не наполниле 18 години, можат да се применат и одредбите од Конвенцијата за заштита на правата на децата. Имено, во член 14 и член 15 од Конвенцијата за правата на детето е наведено дека –децата имаат право на слобода на мислење, слобода на здружување и слобода на мирно собирање. Оттука, неопходно е институциите да покажат дека сериозно ги штитат овие права и мора да спроведат истрага за сторителите со цел тие да бидат идентификувани, со што на

[1] http://mhc.org.mk/announcements/272#.VSTQX_yUepc
[2] http://mhc.org.mk/announcements/273#.VSTPTvyUepc

лицата чии права се повредени ќе им се овозможи да можат да иницираат или да поведат соодветни судски постапки и да добијат соодветна заштита.

Конечно, Комитетот смета дека со ваквите постапувања се исполнети битијата на кривичните дела загрозување на сигурноста на повеќе лица, спречување и смеќавање на јавен собир и насилство и  за таа цел им стои на располагање на сите оние на кои што им е потребен правен совет за преземање на овие дејства.

---

### ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА „ГО САКАМ ГТЦ“

---

Хелсиншкиот комитет ја поздравува граѓанската иницијатива за спас на Градскиот Трговски Центар преку организирање на локален референдум согласно Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните согласно член 3, став 3, член 6, став 2 од истоимениот закон. Законот овозможува практикување на директна демократија и учество на граѓаните во процесите на носење одлуки од јавен интерес како и слободата на изразување како Уставни права на граѓаните.

Комитетот стои на располагање на иницијаторите на граѓанската иницијатива доколку сметаат дека е потребен правен совет за спроведување на референдумот. Воедно ги охрабруваме граѓаните во Општина Центар да го искористат демократското право на глас со што ќе се вклучат во одлуките кои директно ги засегаат сите граѓани во државата. Исто така преку користење на формите на директна демократија се овозможува воспоставување на практика и вклучување на граѓаните во носењето на одлуки од јавен интерес како граѓанско и политичко право.

# СУДСТВО

---

### СЛУЧАЈ “МУЗЕЈ НА МАКЕДОНИЈА„

---

До Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија, беше поднесено барање за бесплатна правна помош од страна на лицата Билјана Јосифовска, сопруга на Перо Јосифовски и Марија Видевска, сопруга на Златко Видевски, обвинети во случајот наречен „Музеј на Македонија“.
Овој случај се водеше пред Основниот суд Скопје 1 Скопје поради кражба на 162 артефакти од Музејот на Македонија, во кои обвинети беа седум лица, од кои скоро сите се вработени во музејските установи. Со првостепената пресуда донесена на 20 март 2015 година сите обвинети се прогласени за виновни и казнети со високи затворски казни од 1 до 8 години и 8 месеци, а највисока затворска казна од 8 години и 8 месеци доби третообвинетиот Перо Јосифовски.
Тројца од обвинетите во овој случај, меѓу кои се и Перо Јосифовски и Златко Видевски се наоѓаат во притвор од денот на нивното приведување во месец февруари 2014 година.

Од извршениот увид во документацијата од предметот, Хелсиншкиот комитет констатираше дека се сторени суштествени повреди во врска со проценката и аргументацијата за неопходноста од определувањето и продолжувањето на притворот од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје. Одлуките за притворот во случајот се донесени без објаснување за причините поради кои постои опасност од бегство, што претставува повреда на Европската конвенција за човекови права. Со продолжувањето на мерката притвор, Кривичниот совет при Основниот суд Скопје 1 Скопје, ги прекршил одредбите од член 5 став 3 на Конвенцијата, бидејќи директино им го загрозил правото на слобода на обвинетите. Судиите мораат детално да ја опишат конкретната ситуација во која се наоѓа притвореното лице, и посебно да ја ценат нивната индивидуална состојба и врските со семејството. Законот за кривична постапка предвидува и други мерки за обезбедување присуство на обвинетиот и успешно водење на постапката, кои воопшто не се применуваат во судската пракса. Во конкретниот случај иако на судот му била понудена гаранција како една од најсоодветните можности за одбегнување на притворот, судот ја отфрлил.

Хелсиншкиот комитет континуирано реагира на ваквата пракса на судиите да носат решенија за определување и продолжување на мерката притвор, без притоа аргументирано да ја образложат потребата за определување на оваа мерка. Во оваа насока, повторно апелираме до судиите, со должно внимание да ги земат во предвид насоките и препораките дадени од страна на Европскиот суд за човекови права.

---

## СЛУЧАЈ "ТРИКРАТНО УБИСТВО ВО КАВАДАРЦИ„

---

Кон крајот на 2014 година јавноста беше известена за повеќекратното убиство во Кавадарци на членови на семејство на жена - жртва на семејно насилство, извршено со употреба на огнено оружје од страна на нејзиниот поранешен сопруг. И во овој случај надлежните институции не и овозможија заштита на жртвата од насилството кое таа и членовите на нејзиното семејство го трпеле подолг временски период од нејзиниот поранешен сопруг. До ескалација на нападите дошло на ден 09.11.2014 година кога беа убиени нејзините мајка, татко и сестра.

Поради неефикасното и несовесно работење на институциите во конкретниот случај, јавното обвинителство повело истрага против полициските службеници и вработените во Центарот за социјални работи, кои постапувале во случајот. Судскиот процес против полициските службеници е завршен и лицата се осудени за несовесно работење во службата поради тоа што не му го одзеле огненото оружје на поранешниот сопруг, за кое немал посебна дозвола. На лицата им е изречена условна осуда на начин што им е утврдена казна затвор во траење од 6 месеци, која нема да се изврши ако обвинетите во рок од 1 година по правосилноста на пресудата не сторат ново кривично дело. Дополнително, на обвинетите им е утврдена и парична казна во износ од 12.300,00 денари, која нема да се изврши доколку во рок од 1 година не сторат ново кривично дело.

Во оваа постапка жртвата не била повикана да учествува, иако е оштетена од несовесното работење на полициските злужбеници. Основниот суд Кавадарци

воопшто не ја земал предвид како жртва на кривичните дела иако, токму таа го поднела барањето за одземање на оружјето на лицето до полицијата, а поради постојани напади врз неа како негова сопруга и членовите на нејзиното семејство. Впрочем, таа не била известена за постапката против осудените, а за судската одлука се информирала преку медиумите.Со употреба на ова оружје биле убиени членови на нејзиното семејство. Поради ова, жртвата е оштетена од непостапувањето и несовесното работење на полициските службеници, кои и нанеле големо емотивно страдање кога пропуштиле да го одземат оружјето.

Поради ограничување на правото да учествува во постапката како жртва, односно оштетена, како и поради фактот што полициските службеници требало да бидат гонети за потешко кривично дело, Хелсиншкиот комитет и обезбеди правна помош на жртвата за поднесување на Барање на заштита на законитоста, кое веќе е доставено до Јавниот обвинител на РМ. Со ова, жртвата бара укинивање на наведената одлука и повторување на постапката во која таа ќе биде вклучена, а полициските службеници ќе бидат гонети за Злоупотреба на службената положба и овластување, поради потешко прекршување на правата на друг.

Фактот што жртвата не е вклучена во постапката, која беше итно завршена и тоа за полесно кривично дело од она за кое полициските службеници треба да бидат гонети, остава сомнеж во намерата на јавното обвинителство и судовите да ја утврдат и санкционираат реалната одговорност на полициските службеници.

# ЛУСТРАЦИЈА

## СЛУЧАЈ ЈАДРАНКА КОСТОВА

Последното Решение бр. 08-214/1 на Комисијата за верификација на фактите од 26 март 2015 година, со кое се лустрира новинарката Јадранка Костова, претставува уште еден класичен акт на политичка одмазда против неистомислениците и критичарите на актуелната власт. Донесувањето на решението следува една седмица по емитувањето на документарниот филм насловен „Македонија: Зад фасадата“ прикажан на телевизијата Ал Џезира во кој новинарката и главен уредник на неделникот „Фокус“ изнесува критични ставови за случувањата во државата. Датумот на кој е донесено решението – 26 март – е истиот датум кога во 2013 година поранешниот главен уредник на неделникот „Фокус“, под сомнителни околности го изгуби својот живот во сообраќајна незгода.

Со овој последен предмет, во јавно достапниот регистар на Комисијата за верификација на фактите, објавени се лични податоци (име, презиме и матичен број) и поранешна професија на 147 лица, а лустрирани без објавување на нивните лични податоци се 23 починати лица. Личните податоци за 10 лустрирани лица се избришани по поништување на решенијата на Комисијата од страна на Управниот или Вишиот управен суд. Во регистарот се наоѓаат и 3 лица чиј идентитет е прикриен по барање на Управата за безбедност и контраразузнавање.

Во случајот на новинарката Костова, Комисијата утврдила дека таа самоиницијативно се пријавила да биде извор на сознанија за две лица, кои биле интересни за службата поради нивната поинаква политичка и друга припадност. Како аргументи за ваквиот свој наод Комисијата наведува Прашалник за ревизија на лично досие од 1967 (време во кое новинарката го започнувала основното образование), Службена белешка од 1993 година и Репродукција на разговор од 1996 година. Од последните два документа, Комисијата изведува заклучок дека новинарката Костова, во времето кога работела во МРТВ, од политички или идеолошки причини, свесно, тајно, организирани и континуирано соработувала со органите на државната безбедност. Според Комисијата, новинарката ваквите активности ги преземала со цел да напредува во службата.

Што се однесува до Службената белешка од 1993 година, според новинарката Костова, таа се јавила во МВР и УБК сметајќи дека лицето за кое наводно информирала е дел од полициска провокација насочена кон нејзино суспендирање од работното место – уредник на емисијата „Без наслов но со повод", како и укинување на емисијата во која се дискутирало за табу теми, како што е слободното изразување на уверувањето на граѓанин кој сметал дека Македонците се Бугари. Во документот Репродукција на разговорот од 1996 година е пренесен телефонски разговорпомеѓу две лица од кои едното тврди дека новинарката била во Рим во придружба на тајните служби, а друго лице не верува во тоа. Наодите на Комисијата извлечени од репродукцијата на разговорот претставуваат „рекла-кажала" наводи и како такви се неподобни за користење како докази, а уште помалку како факти.

Хелсиншкиот комитет уште еднаш би сакал да потсети на укажувањето на Советот на Европа дека процесот на расчистување со минатото мора да биде заснован врз принципите на законитост и правичност. Наспроти ваквите постулати, процесот на лустрација во Македонија е класичен пример за инквизиторска постапка во која обвинетите лица воопшто не се сослушуваат и немаат можност да се бранат. Како последица, за низа професии како новинари, професори и други, резултатот од оваа постапка е еднаков со казнената санкција од Кривичниот законик – забрана за вршење професија, дејност или должност. Ваквиот став е содржан и во неколку пресуди на Европскиот суд за човекови права.[3]Поради сите наведени причини, Хелсиншкиот комитет ќе продолжи активно да ги штити основните права и слободи на сите недолжни жртви на неправичниот процес на лустрација. Доколку Управниот суд во овој случај не ја обезбеди тајноста на личните податоци, заштитата на личниот интегритет, почитувањето на приватноста, семејниот живот, достоинството и угледот, Комитетот е убеден дека правдата ќе биде задоволена пред Европскиот суд за човекови права.

[3]Matyjek v Poland, Application no.38184/03, para. 48 и Bobek v Poland, Applicationno. 68761/01, para. 2.

## ГОВОР НА ОМРАЗА

По објавување на аферата за масовно прислушкување од страна на опозициските партии, Хелсиншкиот комитет забележа пораст на говорот на омраза кон граѓаните како дел од граѓански движења, здруженија на граѓани и членови на политички партии кои секојдневно се изложени на агресивна кампања преку која се етикетираат како: предавници, „комуњари“, „соросоиди“, кодоши и др. со цел да се наметне перцепција дека работат против интересите на државата. Особено загрижуваат јавните настапи на одредени граѓански движења и јавни личности кои ги користат медиумите како алатка за ширење на омразата кон поединци или групи поради спротивставените мислења за работата на извршната власт и владеачките партии. Дополнително, Комитетот изразува загриженост за повиците на насилство од страна на јавни личности кои се декларираат како новинари како и користење на социјалните мрежи и медиуми за пресметка со неистомислениците во Република Македонија. Комитетот ги повикува надлежните институции конечно да превземат мерки во нивна надлежност и јавно да се оградат од овие ставови, во спротивно сметаме дека се директни учесници во создавањето на атмосфера на страв и одобрување на ваквите постапки.